**Закон за гаранција на Република Македонија на обврските од "Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995 година"**

**Службен весник на Р. Македонија бр.142/08 од 10.11.2008 година**

**Член 1**

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските во износ од 7.716.697 евра по Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995 година кој ќе се склучи меѓу Македонски железници Транспорт АД Скопје и Унгарски железници МАВ СА, во рокови и услови предвидени во Договорот, само во случаите кога Македонски железници Транспорт АД Скопје нема да ги отплаќа пристигнатите ануитети.

**Член 2**

Условите и начинот на гарантирање на обврските произлезени од договорот од член 1 од овој закон, ќе бидат утврдени со Договор за гаранција, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Унгарски железници МАВ СА.

**Член 3**

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Договорот за регулирање на долгот од член 1 на овој закон, како и отплаќањето на пристигнатите ануитети ќе го врши Македонски железници Транспорт АД Скопје од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за регулирање на долгот.

**Член 4**

Обврските од Договорот од член 1 на овој закон ќе се отплаќаат на пет години, со каматна стапка од 3,567 % годишно, во еднакви тримесечни рати во согласност со планот на отплата. Во случај на непочитување на планот на отплата, Македонски железници Транспорт АД Скопје ги губат отстапките и придобивките утврдени во Договорот од член 1 на овој закон.

**Член 5**

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995 година и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Македонски железници Транспорт АД Скопје ќе склучат посебен Договор за обезбедување на државна гаранција.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".